**20241983422**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 септември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/24) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година во вкупен износ од 234.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), Раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, (во натамошниот текст Агенција), Програма 2, Потпрограма 20, Ставка 464 - Разни трансфери ќе се користат според следните мерки и тоа за:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско растително производство | 1.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за органско сточарско производство | 1.000,00 |
| 3. | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред | 1.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | 1.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 1.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 1.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства | 1.000,00 |
| 8. | Заостанати обврски од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година и Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 и 2023 година | 233.993.000,00 |
| | Вкупно | 234.000.000,00 |

II

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8168/5
3 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна
Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.